СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 20 број 6	Чешиново-Облешево 23.04.2024 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.03.2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.03.2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-666/1
23.04.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.04.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.03.2024 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.03.2024 година кој е прилог на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-654/1
23.04.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево

за период 01.01.-31.03.2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.01.-31.03.2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-665/1 Општина Чешиново-Облешево
23.04.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.04.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.01.-31.03.2024 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.01.- 31.03.2024 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-655/1 Совет на
23.04.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-664/1 Општина Чешиново-Облешево
23.04.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.04.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година

Член 1

Се усвојува писмениот Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година со Годишниот финансиски извештај за работа на Центарот за 2023 година, изготвен од страна на Директорот на Центарот за развој на Источниот плански регион.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-656/1 Совет на
23.04.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026, за 2023 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026, за 2023 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-663/1 Општина Чешиново-Облешево
23.04.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.04.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026, за 2023 година

Член 1

Се усвојува Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2021-2026, за 2023 година, изготвен од страна на Директорот на Центарот за Развој на Источниот плански регион.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-657/1 Совет на
23.04.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на паркови, зеленило и спортско – рекреативни површини во 2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на паркови, зеленило и спортско – рекреативни површини во 2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-662/1 Општина Чешиново-Облешево
23.04.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 16 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.04.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за усвојување на Програмата за одржување на паркови, зеленило и спортско – рекреативни површини во 2024 година

Член 1

Се усвојува Програмата за одржување на паркови, зеленило и спортско – рекреативни површини во 2024 година, изготвена од страна на директорот на ЈПКД „Облешево.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-658/1 Совет на
23.04.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за отстапување на општинскиот простор за отварање на група во други просторни услови, по Јавниот повик за доделување на грант за проширување на капацитетите на установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст на МТСП

1.Ја прогласувам Одлуката за отстапување на општинскиот простор за отварање на група во други просторни услови, по Јавниот повик за доделување на грант за проширување на капацитетите на установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст на МТСП, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-661/1 Општина Чешиново-Облешево
23.04.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.04.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

за отстапување на општинскиот простор за отварање на група во други просторни услови, по Јавниот повик за доделување на грант за проширување на капацитетите на установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст на МТСП

Член 1

Советот на општина Чешиново-Облешево дава Согласност за отстапување на општинскиот простор за отварање на група во други просторни услови, по Јавниот повик за доделување на грант за проширување на капацитетите на установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст на МТСП

Објектот е лоциран на КП бр. 5322/2, КО Облешево, запишан во Имотен лист бр.1605 на име на општина Чешиново-Облешево.

Член 2

Да се превземат сите Законски процедури за спроведување на Одлуката.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-652/1
23.04.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за прогласување и објавување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело на Општина Чешиново –Облешево за период 2024-2028 година

1.Ја прогласувам Одлуката за формирање на Партиципативно тело на Општина Чешиново –Облешево за период 2024-2028 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-660/1
23.04.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија, број 5/02) и согласно одредбите на Член 46 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 32/20, 111/2023).Советот на Општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на 16.04.2024 година, донесе

О Д Л У К А

за формирање на Партиципативно тело на Општина Чешиново –Облешево за период 2024-2028 година

Член 1

Со оваа Одлука СЕ ФОРМИРА Партиципативно тело заради обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност, како и обезбедување на поголема вклученост,

учество и придонесување на граѓаните во процесот на урбанистичкото планирање.

Член 2

Партиципативното тело има најмалку 9 членови, а горна граница на бројот на членови не се утврдува.

Член 3

За Членови на партиципативното тело на Општина Чешиново-Облешево се именуваат:

1. – член на Комисија за урбанизам
2. – член на Комисија за урбанизам
3. – член на Комисија за урбанизам
4. Иле Арсов – претставник од месни заедници
5. Тина Петрова – претставник од здружение на граѓани
6. Сане Стојанов –Член на Совет
7. Вера Арсова – Стручно лице од областа на урбанистичкото планирање
8. Ива Стефанова – вработена во општина
9. Анета Зашова – вработена во општина
10. Стручно лица вработено во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа. (посебно за секој урбанистички план)

Член 4

Членовите се именуваат за време од четири години, со право на повторен избор.

Член 5

(1) Партиципативното тело има право да присуствува и учествува во расправата на сите седници на Советот на Општина Чешиново-Облешево на кои се расправа за утврдување на нацрт на урбанистички планови, донесување на урбанистички план, донесување на Годишна програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Чешиново-Облешево и усвојување на Извештај за состојбите во просторот.

(2) На седниците на советот Партиципативното тело има право да ги презентира своите мислења.

(3) Презентирање на мислењата на Партиципативното тело на седниците на советот по правило ги врши Претседателот на Партиципативното тело или во случај на негова спреченост Заменик претседателот.

(4) Во случај на различни мислења помеѓу членовите на Партиципативното тело, и членовите чии мислења и заклучоци не биде донесени со мнозинство на гласови од страна на Партиципативното тело или кои не се согласуваат со донесените мислења и заклучоци од страна на мнозинството на членови, имаат право да присуствуваат на седниците на Советот на Општина Чешиново-Облешево и да ги презентираат своите мислења.

Член 6

Работата на партиципативното тело е уредена со Деловник кој го донесува Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево“.

Бр.08-659/1
23.04.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Деловникот за работа на Партиципативното тело на општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за работа на Партиципативното тело на општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.04.2024 година.

2.Деловникот да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-668/1 Општина Чешиново-Облешево
23.04.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02“) а во врска со член 46, став 7 од Законот за урбанистичко планирање *„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.04.2024 година донесе:

Д Е Л О В Н И К
за работа на Партиципативното тело на општина Чешиново-Облешево

Член 1

Со овој Деловник се уредуваат начинот на работа и бројот на членови на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Чешиново-Облешево (во понатамошниот текст: Партиципативното тело), како и други прашања од надлежноста на Партиципативното тело.

Член 2

Целите на Партиципативното тело се да ги претставува сите различни интереси и интересни групи во Општината, да ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, да ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

Работата на Партиципативното тело е јавна.

Член 3

Партиципативното тело го формира Советот на Општина Чешиново-Облешево на иницијатива на Градоначалникот на Општина Чешиново Облешево, на начин и постапка опишани во Статутот на Општина Чешиново-Облешево и согласно одредбите од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20).

Член 4

Партиципативното тело има најмалку 5 членови, а горна граница на бројот на членови не се утврдува.

Моменталниот вкупен број на членови се констатира во секое Решение на Советот на Општина Чешиново-Облешево за формирање

и/или изменување на структурата на Партиципативното тело.

Членови на Партиципативното тело се:

-сите членови на Комисијата за урбанизам на Општина Чешиново - Облешево, назначени со посебно решение од страна на Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево. Секоја измена на составот на Комисијата за урбанизам се пресликува и во составот на Партиципативното тело.

-стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа,

-претставници од урбаните и месни заедници во Општина Чешиново - Облешево. Дозволено е повеќе урбани заедници и месни заедници да имаат заеднички член кој ќе ги претставува.

-доброволно пријавени лица – претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.

Учеството на лицата вработени во Општина Чешиново-Облешево во Партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во Општината учеството е на доброволна основа.

За работата на Партиципативното тело не следува надоместок.

Член 5

Мандатот на партиципативното тело трае 4 години.

За вклучување во работата на доброволно пријавени лица, Општината објавува јавен оглас на веб страната на Општина Чешиново - Облешево како и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место (на Огласна табла на Општина Чешиново-Облешево) во траење од 30 дена.

Доброволно пријавените лица чии што пријави се прифатени стануваат членови на Партиципативното тело.

Доброволно пријавените лица кои станале членови на Партиципативното тело можат своето членство да го повлечат, за што писмено го известуваат Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Доброволно пријавените членови на Партиципативното тело кои нема да се одзиваат на повиците, не присуствуваат на седниците и не учествуваат активно во работата на Партиципативното тело можат да бидат разрешени од страна на Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Во случаите од став (4) и став (5) на овој член, Советот донесува одлука за изменување на структурата на Партиципативното тело.

Член 6

Партиципативното тело работи на јавни седници.

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на 2 (два) месеци.

Работата на Партиципативното тело е јавна.

Седниците на Партиципативното тело ги свикува и со истите раководи Претседателот, а во случај на негова спреченост Заменик претседателот.

Повиците за одржување на седницата, заедно со предлог на дневниот ред и материјалите за кои се расправа (планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија), се доставуваат до сите членови на Партиципативното тело најдоцна 3 (три) дена пред одржување на седницата.

Седницата на Партиципативното тело може да се одржи ако се присутни мнозинството од вкупниот број на членови.

Партиципативното тело одлучува со мнозинство од вкупниот број на членови.

На седниците на Партиципативното тело можат да присуствуваат и учествуваат во работата Градоначалникот и Претседателот на

Советот на Општина Чешиново-Облешево, без право на одлучување.

Член 7

За работата на седницата на Партиципативното тело се води Записник.

Записникот го води лице одредено од Претседателот или Заменик претседателот на Партиципативното тело.

Донесените заклучоци и мислења од расправата се изготвуваат во писмена форма.

Примероци од материјалите од ставовите (2) и (3) на овој член се доставуваат до Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево и до Одделението за урбанизам и заштита на животна средина на Општина Чешиново-Облешево.

Член 8

Партиципативното тело има право да присуствува и учествува во расправата на сите седници на Советот на Општина Чешиново - Облешево на кои се расправа за утврдување на нацрт на урбанистички планови, донесување на урбанистички план, донесување на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Чешиново-Облешево и усвојување на Извештај за состојбите во просторот.

На седниците на Советот на Општина Чешиново-Облешево, Партиципативното тело има право да ги презентира своите мислења.

Презентирање на мислењата на Партиципативното тело на седниците на Советот на Општина Чешиново-Облешево по правило ги врши Претседателот на Партиципативното тело или во случај на негова спреченост Заменик претседателот.

Во случај на различни мислења помеѓу членовите на Партиципативното тело, и членовите чии мислења и заклучоци не биде донесени со мнозинство на гласови од страна на Партиципативното тело или кои не се согласуваат со донесените мислења и заклучоци од страна на мнозинството на членови, имаат право да присуствуваат на седниците на Советот на Општина Чешиново-Облешево и да ги презентираат своите мислења.

Член 9

Претседател на Партиципативното тело се избира од членовите на Комисијата за урбанизам на Општина Чешиново-Облешево, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на партиципативното тело, со јавно гласање.

Претседателот на Партиципативното тело:

-ја координира работата на Партиципативното тело;

-ги свикува седниците на Партиципативното тело;

-го утврдува дневниот ред на седниците на Партиципативното тело;

-ги презентира мислењата и заклучоците на Партиципативното тело пред Градоначалникот и пред Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Член 10

Заменик претседателот на Партиципативното тело е од редовите на доброволно пријавените лица за членови на партиципативното тело на Општина Чешиново-Облешево и се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на партиципативното тело, со јавно гласање.

Во случај на времена спреченост на Претседателот, Заменик претседателот на Партиципативното тело ги извршува сите работи од надлежност на Претседатолот, сѐ до престанување на спреченоста.

Член 11

Овој Деловник за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Чешиново-Облешево го донесува Советот на Општина Чешиново Облешево согласно член 46 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20).

Изменувањето и дополнувањето на овој Деловник се врши на начин и постапка што важат за неговото донесување.

Деловникот за работа и неговите изменувања и дополнувања се објавуваат во „Службен гласник на Општина Чешиново-Облешево“.

Член 12

Деловникот за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Чешиново-Облешево влегува во сила на осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Чешиново -Облешево“.

Бр.08-667/1
23.04.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.03.2024 година..... 1

2.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за периодот 01.01-31.03.2024 година..... 1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.01.-31.03.2024 година..... 1

4.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за реализација на Одлуки донесени од Советот на општина Чешиново-Облешево за период 01.01.-31.03.2024 година..... 2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година..... 2

6.ОДЛУКА за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2023 година..... 3

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026, за 2023 година..... 3

8.ОДЛУКА за усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026, за 2023 година..... 3

9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на паркови, зеленило и спортско – рекреативни површини во 2024 година..... 4

10.ОДЛУКА за усвојување на Програмата за одржување на паркови, зеленило и спортско – рекреативни површини во 2024 година..... 4

11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за отстапување на општинскиот простор за отварање на група во други просторни услови, по Јавниот повик за доделување на грант за проширување на капацитетите на установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст на МТСП..... 4

12.ОДЛУКА за отстапување на општинскиот простор за отварање на група во други просторни услови, по Јавниот повик за доделување на грант за проширување на капацитетите на установи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст на МТСП..... 5

13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за формирање на Партиципативно тело на Општина Чешиново – Облешево за период 2024-2028 година..... 5

14.ОДЛУКА за формирање на Партиципативно тело на Општина Чешиново – Облешево за период 2024-2028 година..... 5

15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Деловникот за работа на Партиципативното тело на општина Чешиново-Облешево..... 7

16.ДЕЛОВНИК за работа на Партиципативното тело на општина Чешиново-Облешево..... 7

ПРИЛОГ: Извештај за Извршување на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2024 година, за период 01.01.-31.03.2024 година